РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 12-2575/1
17-02-2015 год.
СКОПЈЕ

Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: | 18. 02. 2015 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 14/10 | - | |

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14 и 10/15), министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ
## за измена и дополнување на наставните планови за воспитно-образовната дејност во четиригодишното средно образование

1. Со ова решение се донесуваат измените и дополнувањета на наставните планови за воспитно-образовната дејност во четиригодишното средно образование и тоа:

- Во Наставниот план за гимназиско образование, бр. 11-1363/2 од 10.4. 2014 година Природно-математичко подрачје - Комбинација А на изборни предмети, наставниот предмет *прв странски јазик* се менува и гласи „прв странски јазик - англиски јазик".
- Во Наставниот план за гимназиско образование, бр. 01-6353/1 од 21. 8. 2009 година Природно-математичко подрачје - Комбинација Б на изборни предмети, наставниот предмет *прв странски јазик* се менува и гласи „прв странски јазик - англиски јазик".
- Во Наставниот план за гимназиско образование, бр. 01-6353/1 од 21. 8. 2009 година Јазично-уметничко подрачје - Комбинација А на изборни предмети, наставниот предмет *прв странски јазик* се менува и гласи „прв странски јазик - англиски јазик".
- Во Наставниот план за гимназиско образование, бр. 01-6353/1 од 21. 8. 2009 година Јазично-уметничко подрачје - Комбинација Б на изборни предмети, наставниот предмет *прв странски јазик* се менува и гласи „прв странски јазик - англиски јазик".
- Во Наставниот план за гимназиско образование бр. 01-6353/1 од 21. 8. 2009 година Општествено - хуманистичко подрачје, Комбинација А на изборни предмети, наставниот предмет *прв странски јазик* се менува и гласи „прв странски јазик - англиски јазик".
- Во Наставниот план за гимназиско образование, бр. 01-6353/1 од 21. 8. 2009 година Општествено - хуманистичко подрачје, Комбинација Б на изборни предмети, наставниот предмет *прв странски јазик* се менува и гласи „прв странски јазик - англиски јазик".

2. Во Наставните планови бр. 07-5507/1 од 30.7.2008 година за сите образовни профили во струките или групи на струки во четиригодишното стручно образование: геолошко-рударска и металуршка струка, градежно-геодетска струка, графичка струка, економско-правна и трговска струка, електротехничка струка, здравствена струка, земјоделска-ветеринарна струка, лични услуги, машинска струка, сообраќајна струка, текстилно-кожарска струка, угостителско-туристичка струка, хемиско-технолошка струка и шумарско-дрвопреработувачка струка, *прв странски јазик* се менува и гласи „прв странски јазик - англиски јазик".

3. Во Наставниот план за уметничко образование, бр. 11-1986/1 од 18.4.2013 година Ликовна уметност и дизајн, изборно подрачје - дизајнер за керамика, наставниот предмет *прв странски јазик* се менува и гласи „прв странски јазик - англиски јазик“.

- Во Наставниот план за уметничко образование, бр. 11-1984/1 од 18.4.2013 година Ликовна уметност и дизајн, изборно подрачје - графички дизајнер, наставниот предмет *прв странски јазик* се менува и гласи „прв странски јазик - англиски јазик“.

- Во Наставниот план за уметничко образование, бр. 11-1985/1 од 18.4.2013 година Ликовна уметност и дизајн, изборно подрачје - дизајнер за ентериер, мебел и индустриски производи, наставниот предмет *прв странски јазик* се менува и гласи „прв странски јазик - англиски јазик“.

- Во Наставниот план за уметничко образование, бр. 11-1988/1 од 18.4.2013 година Ликовна уметност и дизајн, изборно подрачје - мултимедиски дизајнер, наставниот предмет *прв странски јазик* се менува и гласи „прв странски јазик - англиски јазик“.

- Во Наставниот план за уметничко образование, бр. 11-1989/1 од 18.4.2013 година Ликовна уметност и дизајн, изборно подрачје - сликарски дизајнер, наставниот предмет *прв странски јазик* се менува и гласи „прв странски јазик - англиски јазик“.

- Во Наставниот план за уметничко образование, бр. 11-1982/1 од 18.4.2013 година Ликовна уметност и дизајн, изборно подрачје - вајарски дизајнер, наставниот предмет прв странски јазик се менува и гласи „прв странски јазик - англиски јазик“.

- Во Наставниот план за уметничко образование, бр. 11-1982/1 од 18.4.2013 година Ликовна уметност и дизајн, изборно подрачје-дизајнер за текстил и облека, наставниот предмет прв странски јазик се менува и гласи „прв странски јазик - англиски јазик“.

4. Во Наставните планови за средно уметничко образование од точка 4 на ова решение, фондот на часовите за наставниот предмет *прв странски јазик - англиски јазик* се зголемува од два часа неделно (72 часа годишно) на три часа неделно (108 часа годишно).

5. Во Наставниот план за средно музичко и балетско образование, бр. 07-4105/1 од 22.5.2008 година Балетска уметност, балетски играч - балерина - модерен балет, наставниот предмет *прв странски јазик* се менува и гласи „прв странски јазик - англиски јазик“.

- Во Наставниот план за средно музичко и балетско образование, бр. 07-4105/1 од 22.5.2008 година Балетска уметност, традиционален играч-пејач, наставниот предмет *прв странски јазик* се менува и гласи „прв странски јазик - англиски јазик“.

- Во Наставниот план за средно музичко и балетско образование, бр. 07-4105/1 од 22.5.2008 година Музичка уметност, музички теоретичар, наставниот предмет *прв странски јазик* се менува и гласи „прв странски јазик - англиски јазик“.

- Во Наставниот план за средно музичко и балетско образование, бр. 07-4105/1 од 22.5.2008 година Музичка уметност, музички изведувач, наставниот предмет *прв странски јазик* се менува и гласи „прв странски јазик - англиски јазик“.

6. Во Наставните планови за средно музичко и балетско образование во четиригодишното средно образование, фондот на часовите за наставниот предмет прв странски јазик - *англиски јазик* се зголемува од два часа неделно (72 часа годишно) на три часа неделно (108 часа годишно).

7. Во Наставниот план за спортска гимназија бр. 07-547/5 од 17.11.2010 година наставниот предмет *прв странски јазик* се менува и гласи „прв странски јазик - англиски јазик“.

8. Во Наставниот план за спортска гимназија, бр. 11-1858/2 од 9.4.2012 година паралелки за фудбал, кошарка, ракомет, тенис, наставниот предмет *прв странски јазик* се менува и гласи „прв странски јазик - англиски јазик“.

9. Измените и дополнувањата на наставните планови за воспитно-образовната дејност во четиригодишното средно образование ќе се применуваат од учебната 2015/2016 година и ќе се воведуваат сукцесивно почнувајќи од прва година на средното четиригодишно образование.

10. Ова решение влегува во сила од денот на неговото донесување, а ќе отпочне да се применува од учебната 2015/16 година.

## Образложение

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за средното образование образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14 и 10/15), министерот за образование и наука донесува наставни планови и програми кои ги подготвува Бирото за развој на образованието.

Измените и дополнувањата на наставните планови се носат за продолжување на континуираното изучување на *англискиот јазик* при премин на учениците од основното училиште во четиригодишното средно образование како *прв странски јазик*.

Со оглед на гореизнесеното се донесе решение како во диспозитивот.

ДОСТАВЕНО ДО:
- Центар за средно стручно образование
- Бирото за развој на образованието
- Архивата

МИНИСТЕР,

Abdilaqim Ademi